Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 186/0306
11.07 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28-ми јуни 2022 година, врз основа на примена жалба од Сања Раѓеновиќ Јовановиќ, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет - порталот „Цивил Медиа“, со текстот насловен „Руска пропаганда на социјалните мрежи: Случај „Раѓеновиќ“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во член 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28-ми јуни 2022 година, Сања Раѓеновиќ Јовановиќ поднесе жалба за текстот со наслов „Руска пропаганда на социјалните мрежи: Случај „Раѓеновиќ“, објавен на 5 јуни 2022 година на порталот „Цивил Медиа“ (www.civilmedia.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна, мешање на факти и мислење, вест и коментар, дискриминација и нарушување на приваноста, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во член 1, 7, 10 и 13.

Жалителката вели дека информациите во текстот се неточни, а искажаните согледувања и заклочоци паушални и произволни. Смета дека објавата е еднострана, зашто не била консултирана за став и мислење. Раѓеновиќ Јовановиќ додава дека ѝ било одземено правото на говор и дека се чувствува дискриминирана, бидејќи интернет порталот ги објавил нејзините статуси и објави во спорната содржина, без да побараат мислење од неа. Во овој контекст, жалителката истакнува дека доколку тоа било побарано од медиумот, тоа би го овозможила, сè со цел да не се предизвикуваат шпекулации околу нејзините ставови.

*„Текстот кој се однесува на мене лично, ги меша мислењата, бидејќи ги изразува нивните мислења и заклучоци, не моите, а при тоа се користат мои приватни коментари. Моите мислења се прикажани селективно, неточно, извадени од контекст и селективно објавени. И се тоа во медиум кој има обврска и одговорност да ја информира јавноста објективно и да прифаќа и да се носи со различни мислења на читателите, што им е и дел од работата“,* се вели во поднесената жалба.

Раѓеновиќ Јовановиќ, меѓудругото, смета дека во оспорената содржина ѝ е нарушена и приватноста, поради како што вели, нивното пребарување по Интернет и произволни и неточни констатации за нејзината професионална активност и работење, со што им се нанела штета и на нејзините колеги и соработници.

Жалителката потенцира и дека, по објавувањето на текстот, со меил се обратила до главниот и одговорен уредник на „Цивил Медиа“, Џабир Дерала, од кого побарала медиумот јавно да ѝ се извини, но дека оттаму не добила ниту извинување, ниту одговор. Во прилог на жалбата, таа го достави барањето за извинување, упатено до „Цивил Медиа“.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Цивил Медиа“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник на медиумот, Џабир Дерала, смета дека сите наводи во жалбата се неосновани, апсурдни и неаргументирани. Тој посочува дека текстот бил базиран врз основа на претходно утврдена методологија што ЦИВИЛ ја користел подолго од десет години за мониторинг на дезинформации, говор на омраза и другите облици на некоректно, насилничко или пропагандно дејствување во јавната комуникација. Дерала вели дека се работи за анализа на дејствувањето на жалителката на социјалните мрежи и оти сѐ што било во текстот е точно и поткрепено со факти, вклучително и со фотографски докази објавени од жалителката, кои биле јавно достапни.

Дерала смета дека се неосновани наводите за неточно и нефер известување и за незастапена втора страна. Тој смета дека, во случајов, воопшто не требало да се консултира жалителката, зашто таа веќе јавно изнела свои ставови преку коментари кои се јавни и во голем дел поставени на профилите на „Цивил Медиа“ на социјалните мрежи.

*„Жалителката не упати официјален демант, туку испрати порака до приватна мејл адреса на потписникот на овој одговор. Самата порака на мејл беше со конфронтирачки и клеветнички тон. Токму тоа е нарушување на приватноста, бидејќи пораката не е испратена на јавно достапни адреси. Можеме да го сметаме и како притисок и закана, а како таква ја сметаме и самата жалба“,* наведува главниот и одговорен уредник на „Цивил Медиа“ во одговорот на жалбата.

Дерала ги отфрла и наводите за нарушување на приватноста, бидејќи како што појаснува, користените материјали и скриншотови биле 100 проценти јавно достапни. Според него, во содржината немало произволност, туку само наведување на факти и обелоденување на пораките објавени од жалителката, вклучително и пораки кои биле објавени од нејзината страна токму на профилите на Цивил. Тој додава дека нивната анализа покажала дека објавите и коментарите на жалителката имале цел да ја негираат точноста на медимските содржини на „Цивил Медиа“ преку манипулации и дезинформации, кои потоа предизвикувале и говор на омраза.

*„Имаме основа да веруваме дека е дел од организирана мрежа за ширење дезинформации и пропаганда, чија мета не е само Цивил, туку сите што професионално и совесно ја вршат својата работа во оваа област. Таа е препознаена како мошне активна учесничка во активностите на групи и поединци што вршат притисок и им се закануваат на луѓето што ја работат одговорната работа во Цивил, но и во други слични организации“,* вели Дерала во одговорот на жалбата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28-ми јуни 2022 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст, во кој порталот „Цивил Медиа“ оценува и анализира наводна руска пропаганда, што преку објави и коментари ги изнесувала корисничка на социјалната мрежа „Фејсбук“. Таквата новинарска анализа е сосема легитимна и оправдана, зашто медиумот има право да детектира, коментира и анализира објави на социјалните мрежи во контекст на јавниот интерес, но не и на начин на кој е обработен предметниот текст.

Комисијата оцени дека содржината на „Цивил Медиа“ е еднострана и не нуди целосно објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата. Ова од причина што предмет на анализа не се ставови на јавна или влијателна личност, кои подлежат на посилен јавен надзор и поширок степен на јавна критика. Во случајов се работи за корисник на социјалните мрежи, која е приватна личност и за која медиумот морал да има поинаков пристап. Во овој контекст, Комисијата констатираше дека самиот наслов е пренагласен и поставен на начин од кој се добива впечаток дека се работи за високопозиционирана јавна личност, носител на јавна функција или за случај за кој јавноста веќе била запознаена:

***„Руска пропаганда на социјалните мрежи: Случај „Раѓеновиќ“***

Без да навлегува во толкување на фактите изнесени во анализата на „Цивил Медиа“, членовите на Комисијата се согласија дека авторот на текстот имал обврска да побара мислење од самата Раѓеновиќ Јовановиќ, која е жалител во оваа постапка, пред јавно да ја посочи за наводно ширење руска пропаганда и за поддршка на руската агресија во Украина. На тој начин, целата содржина ќе добиела многу појасна и поизбалансирана слика за јавноста.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **член 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следните реченици од содржината:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Профилот „Сања Раѓеновиќ Јовановиќ“ отворено го поддржува Путин и руската воена агресија врз Украина.“***

***„Таа е хиперактивна на социјалните мрежи, коментира и споделува пропагандни содржини кои ја оправдуваат руската агресија врз Украина. Нејзините објави и коментари се едноставни, фокусирани и не се екстремни. Иако делува како не премногу писмена, сепак дека добро знае што прави.“***

***„Зачудувачки е како некој што се претставува како архитект и дизајнер, градежник и креативец, се радува на разурнувања, можеби и на објектите каде што работел.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во однос на наводите на жалителката дека во текстот е нарушена нејзината приваност, Комисијата не најде доволно елементи за да утврди такво нарушување на Кодексот. Ова од причини што жалителката своите ставови ги декларирала и искажувала јавно на социјалните мрежи, со што тие се подложни на оценка на јавноста. Имено, и самата жалителка во комуникацијата со „Цивил Медиа“ нагласува дека нејзините коментари биле „лични и јавни“.

Комисијата не најде елементи и дека во оспорениот текст има отстапки од член 10 и 13 од Кодексот на новинарите, на кои воедно упатува подносителката на жалбата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува порталот „Цивил Медиа“ (www.civilmedia.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595